ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 08 – 29/4**

**Дата: 12.02.2010**

**ДО АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2008 година (во натамошниот текст Агенција), кои ја опфаќаат сметката за самофинансирачки активности, а кои се прикажани на страните од 16 до 18.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Државниот завод за ревизија нема извршено ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за 2007 година како година која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија. Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на финансиските извештаи за 2005 година, при што не е изразено мислење за вистинитоста и објективност на финансиските извештаи, а изразено е негативно мислење за наменско и законско користење на средствата.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:
   - ✓ Ернад Фејзула – директор до 26.08.2008 година,
   - ✓ Зоран Крстевски – директор од 29.08.2008 година и

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 15, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 02/10/2009 до 24/12/2009 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - ✓ дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - ✓ дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Примена на акти**

10.1.1. Пресметувањето и исплатата на платите од 12.02.2008 година се врши според Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања, донесен од министерот на Министерството за транспорт и врски на 10.02.2005 година, а не според акт за исплата на плати донесен од директорот на Агенцијата, како што е дефинирано во Законот за воздухопловство. Според Правилникот сите работни места се поделени во пет групи, со различни коефициенти. Коефициентот се одредува зависно од референтното место – овластен контролор на летање и истите се специфицирани во Прегледот на работните места и нивното вреднување (коефициенти). Прегледот кој е прилог на наведениот правилник не е заверен и верифициран од одговорното лице.

10.1.2. Организацијата и систематизацијата на работните места е извршена согласно Правилникот за организација и работа на Управата за цивилна воздушна пловидба и Правилникот за систематизација на работните места во Управата за цивилна воздушна пловидба донесени во септември 2001 година од министерот на Министерството за транспорт и врски. Наведеното е спротивно на одредбите од Законот за воздухопловство, според кои овие акти треба да бидат донесени од директорот на Агенцијата. Во актот за организација и систематизација, не е предвидено работно место контролор и внатрешен ревизор со што не било можно извршување на EX – ante и EX poste финансиски контроли кои обезбедуваат соодветни поделби на должностите меѓу овие функции.

**Препораки:**

- Директорот на Агенцијата да донесе акт за систематизација на работните места и за платите на вработените согласно Законот за воздухопловство;
- Во актот за систематизација да се предвидат работни места за внатрешна финансиска контрола и внатрешен ревизор, согласно законската регулатива;

### 10.2. Примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Ревизијата утврди дека во неколку случаи извршени се плаќања врз основа на нецелосна документацијата и тоа:

- Во јануари 2004 година склучен е договор меѓу Агенцијата и Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ Скопје за тековно одржување на инфраструктурните објекти на аеродромите Скопје и Охрид. Во 2008 година од јавното претпријатие доставени се две фактури за варијабилни трошоци кои се однесуваат за 2007 година во вкупен износ од 11.052 илјади денари и истите се платени. Овие трошоци се за набавка на опрема, резервни делови, материјали, средства и договори за услуги со трети лица, а чија вредност во моментот на склучување на договорот не можела да се утврди. За вкупно исплатените 2.286 илјади денари по овој основ, ревизијата утврди дека недостасуваат фактури или сметки од добавувачите, како потврда за оправданоста на извршените плаќања.
- Врз основа на 14 фактури добиени од Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ Скопје исплатени се 1.665 илјади денари за потрошена електрична енергија за аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид. Во прилог на фактурите од јавното претпријатие не се доставени фактурите од ЕВН, поради што ревизијата не се увери во реалноста на искажаните трошоци. Исто така, меѓу Агенцијата и Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ Скопје не е склучен договор за заедничките трошоци по овој основ.
- Вкупните трошоци за мобилна телефонија во 2008 година изнесуваат 2.777 илјади денари, при што во прилог на фактурите недостасуваат деталните сметки. Поради тоа ревизијата не беше во можност да утврди кои лица користеле службен мобилен телефон и дали одбиените пречекорувања одговараат на дозволените ограничувања согласно Решението за право на користење на службен мобилен телефон донесено од директорот на Агенцијата во декември 2006 година.
- Ревизијата не се увери дали исплатените средства за набавка на гориво се за обавување на службени потреби. Имено, одговорното лице во Агенцијата нема донесено интерен акт за начинот на користење на службените возила, поради што при користење на службените возила од страна на вработените не се изготвуваат патни налози. Исто така, за потрошените верна картички во вкупен износ од 5.505 илјади денари не е воспоставена соодветна евиденција по лица.

Констатираните состојби се спротивни на одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, каде е наведено дека внесувањето на податоците во деловните книги треба да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи со што се докажува настанатата финансиска промена, односно трансакција.
Извршеното плаќање врз основа на некомплетна документација може да доведе до ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Одговорното лица во Агенцијата да ги преземе следните активности:

- Да се почитуваат законските одредби и за секоја извршена трансакција да обезбеди и приложи документација, како потврда за настанатите финансиски промени;
- Да се склучи договор за заеднички трошоци со Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ за аеродромот „Св. Апостол Павле“во Охрид, во кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски и

- Да се изготват интерни акти со кои ќе бидат дизајнирани интерни контролни постапки при користење на буџетските средства во делот на набавка на гориво и во телекомуникациските услуги.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите и расходите

10.3.1. Во 2008 година е остварен приход во вкупен износ од 999 илјади денари од надоместок за слетување – лендинг, АТС (Air Traffic Services) и осветлување од одделни авиокомпании кои немаат редовни авио летови од кој се наплатува во готово. Пресметката и наплатата во готово ја врши Јавното претпријатие за аеродромски услуги „Македонија" Скопје, при што добиената готовина од јавното претпријатие не се евидентира во благајнички извештаи, туку се уплатуваат на девизната сметка.
Во недостиг на пишани процедури и интерни контролни постапки ревизијата не се увери дека приходот по овој вид услуги е целосно и навремено остварен и уплатен на сметката на Агенцијата. Наведеното е спротивно на сметководствените начела пропишани во Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, според кои сметководствената евиденција треба да биде ажурна, точна и поткрепена со соодветни сметководствени документи.
Неевидентирањето на готовинските девизни приливи може да доведе до ненавремено и нецелосно уплатување на девизните средства на девизната сметка и до нереално и необјективно прикажување на приходите во Билансот на приходи и расходи.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе следните мерки:
- Да воспостави сметководствена евиденција, односно книга на благајна за евидентирање на девизните приливи остварени од извршени услуги на помали авиокомпании;
- Да се изготват пишани процедури за начинот на пресметка, наплата и евидентирање на приходите.

10.3.2. Остварениот приход за 2008 година од надоместоци од прелети во износ од 567.195 илјади денари е евидентиран по основ на месечни прегледи (Reconciliation of the Route Charges Account) добиени од Европската организација за воздухопловна безбедност (Eurocontrol). На ревизијата не и беа презентирани пишани процедури за начинот на остварување на овој вид приход. Месечните прегледи се примени по електронски пат и евидентирани во сметководството, без притоа да се обезбеди вообичаено евидентирање во архивата на Агенцијата, што е спротивно на Уредбата за канцелариско работење. При тоа не е извршена контрола на внесените вредносни показатели од одговорно лице или лице овластено од него, а по претходна проверка од лица кои обезбедуваат систем на редовна внатрешна контрола. Наведеното е спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Не евидентирањето на прегледите во архивата на Агенцијата и отсуство на систем на внатрешна редовна сметководствена контрола може да доведе до неправилно искажани приходи во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи.

**Препорака:**

Одговорното лице да пропише процедури за начинот на евидентирање и остварување на приходите од прелети, со кое ќе се верификуваат, односно потврдат месечните извештаи од страна на одговорното лице.

## 10.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. Ревизијата констатира неправилности поврзани со извршениот попис со состојба на ден 31.12.2008 година и тоа:

- Пописните листи за опремата не се потпишани од комисијата за попис и не содржат вредносни показатели потребни да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба на опремата, што е спротивно на одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници;
- Пописната комисија не извршила попис и сметководствено усогласување на: нематеријалните средства - лиценци, земјиште, градежни објекти, парични средства на сметките денарска и девизни, побарувања, обврски и залиха, што е спротивно на одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Пописната комисија не обезбедила документи за сопственост на земјиштето и градежните објекти, нивната локација и големина со цел целосно и точно евидентирање на имотот кој е во сопственост на Агенцијата. Исто така, не е извршена проверка на реалноста на искажаните износи на побарувањата и обврските, не се утврдени причините за неблаговремена наплата на истите, не е утврдена старосната структура, како и преземените активности за нивна наплата.

Неизвршениот или нецелосно извршениот попис влијае на нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година.

**Препорака:**

Пописот на средствата, побарувањата и обврските да се изврши целосно во сите фази, од утврдување на фактичката состојба, пополнување на сите потребни податоци во пописните листи, усогласување на фактичката со сметководствената состојба, до донесување на одлука од одговорното лице со кое ќе се дефинираат решенијата во делот на кусокот/вишокот на средствата, расходувањето на средствата, отписот на ненаплатените побарувања.

10.4.2. На позицијата Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи прикажана е состојба од 85.194 илјади денари, од кои најголем дел на отпишани ненаплатени побарувања (86%) потекнуваат од 2004 година, додека останатите 10% се ненаплатени од 2005 година и 4% од 2006 година.
Со ревизијата се констатира дека дел од почетното салдо е резултат на погрешно спроведено книжење во 2004 година, со задолжување на сметката Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи и раздолжување на сметката Државен јавен капитал за износ од 94.618 илјади денари. Во изминатиот период состојбата на сметката Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи е намалена како резултат на извршени усогласувања со спорните купувачи, при што побарувањата се пренесени на сметката Активни временски разграничувања. Според објаснувањето на овластените лица се работи за побарувања кои потекнуваат од периодот на воената криза од 2001 година, кога НАТО силите ја користеле воздухопловната инфраструктура на Агенцијата во одредени операции во регионот. Според информациите од одговорните лица во Агенцијата, направени се неколку обиди за наплатување на овие побарувања, но обидите биле неуспешни.

**Препорака:**

Одговорното лице на Агенцијата да ги преземе следните мерки:

- Да донесе одлука со цел да се дефинира кои ненаплатени побарувања ќе бидат отпишани согласно Законот за облигациони односи, а за кои треба дополнително да се преземат мерки заради нивна наплата;
- Да го задолжи одговорниот сметководител за расчистување на состојбата на сметката - Државен јавен капитал.

10.4.3. На позицијата – Материјали, искажана е состојба во износ од 9.366 илјади денари, каде е евидентирана залихата на канцелариски материјали, резервни делови, опрема, ситен инвентар, средства за хигиена и вода за пиење.
Ревизијата ги утврди следните неправилности :

- Не е воспоставена аналитичка евиденција на наведените залихи туку евидентирани се сите на една синтетичка сметка;
- Средствата во вкупен износ од 6.730 илјади денари се евидентирани во сметководствената евиденција како материјали, а според критериумите дефинирани во Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници истите требало да добијат третман на опрема, со што нереално се искажани состојбите на овие две позиции.

Дизајнирани се пишани процедури за начинот на евидентирање на залихите, но истите не се применети, од причина што набавките на материјали не се иницирани во писмена форма до раководителот на секторот и не се изготвуваат писмени барања од страна на раководителите на одделенијата за потребата од користење на одредени материјали.

Констатираните неправилности се спротивни на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетски корисници.
Невоспоставената аналитичка евиденција за залихите, неточното евидентирање и не примената на пишаните процедури овозможуваат нереално и необјективно искажување на билансните позиции во финансискиот извештај Биланс на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да иницира:

- Воспоставување на аналитичка евиденција на залихите;
- Евидентирање на опремата и ситниот инвентар на соодветна сметка и нивно разграничување соодветно на критериумите дефинирани во Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковен план за буџетските корисници;
- Да се спроведат пишаните процедури донесени од одговорното лице;
- Да се изврши попис и истиот да се усогласи со сметководствената состојба согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- Да се воспостави електронска поврзаност помеѓу магацинот и финансиското сметководство.

10.4.4. На позицијата Нематеријални средства искажана е состојба во вкупен износ од 21.090 илјади денари, која се однесува на набавените лиценци. Одговорните лица во Одделението за материјално - финансиско работење за овие лиценци почнувајќи од периодот на нивната набавка па се до годината предмет на ревизија не пресметале амортизација, која на крајот на 2008 година изнесува вкупно 9.729 илјади денари. Исто така, износот на лиценците кои се набавени во 2008 година (4.586 илјади денари без вклучено ддв) бил евидентиран на позициите Материјали и Останат капитал, при што кога лиценците биле дадени во употреба овие позиции се раздолжени.

Непресметаната амортизација и несоодветното сметководствено евидентирање се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковен план за буџетските корисници, при што непресметаната амортизација влијае на нереалното и необјективното искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2008 година.

**Препорака:**

- Одговорното лице да го задолжи одговорниот сметководител да изврши корекција на констатираните неправилности;
- Имајќи предвид дека од Агенцијата во 2009 година се формирани два нови субјекта, а со делбениот биланс лиценците се поделени, одговорното лице на Агенцијата, да го информира одговорното лице од давател на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ) за констатираната неправилност со цел да се изврши корекција и да се преземат активности за отстранување на сметководствените неправилности.

10.4.5. Со ревизијата на позицијата Материјални добра и природни богатства констатирано е следното:

- Во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година на оваа позиција прикажана е состојба во вкупен износ од 1.346 илјади денари, која се однесува на земјиштето со кое располага Агенцијата. Површината на ова земјиште е 670 м² и истото е добиено по пат на купопродажба во 1999 година. За ова земјиште одговорните лица во Агенцијата не обезбедиле имотен или поседовен лист, така што не постои доказ за сопственоста на земјиштето, што е спротивно на одредбите од Закон за катастар на недвижности и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.
- Во сметководствената евиденција на Агенцијата не е евидентирано:
  - земјиште со површина од 273,9 м², купено во 1999 година, а чија вредност согласно склучениот договор за купопродажба е 351 илјади денари. Исто така, за ова земјиште одговорните лица во Агенцијата не обезбедиле имотен или поседовен лист;
  - земјиште со површина од 4.190 м², кое Агенцијата го добила по пат на експропријација во 1997 година и за истото се исплатени 649 илјади денари. Ова земјиште одговорните лица во Агенцијата во 1998 година го завеле во Агенцијата за катастар на недвижности и обезбедиле поседовен лист;
  - земјиште со површина од 732 м², кое Агенцијата го добила согласно склучен договор за долгорочен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба од 2006 година склучен меѓу Република Македонија како закуподавач и Агенцијата како закупец на време од 99 години. За ова земјиште одговорните лица во Агенцијата обезбедиле поседовен лист.

Овие неправилности се спротивни на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и истите влијаат на нереално и необјективно прикажување на состојбата на оваа позиција во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година.

Со поделбата на Агенцијата земјиштето припаднало на давателот на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ).

**Препорака:**

Одговорното лице во Агенцијата да ги информира одговорните лица кај давателот на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ за овие неправилности со цел да се регулира сопственичкиот статус на земјиштето, односно неговото запишување во Агенцијата за катастар на недвижности

10.4.6. На позицијата Материјални средства – Градежни објекти констатирани се следните неправилности :

- За недвижностите – аеродромската контрола за летање на аеродромите „Александар Велики" и „Св. Апостол Павле" и радарската станица на Бањски Рид одговорните лица во Агенцијата немаат обезбедено имотен или поседовен лист, иако Агенцијата ги поседувала сите потребни документи за да се регулира нивниот сопственички статус. Поради тоа ревизијата не обезбеди доказ за сопственичките права на Агенцијата врз овие објекти.
- Не се евидентирани градежни објекти со вкупна набавна вредност од 9.897 илјади денари и пресметана акумулирана амортизација до 2008 година во вкупен износ од 2.280 илјади денари, што е спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковен план за буџетските корисници. Имено, овие градежни објекти погрешно се евидентирани како опрема, што влијае на нереално и необјективно прикажување на состојбата на овие позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година.
- Агенцијата е корисник на недвижна ствар – бетонска подлога за хеликоптер на Аеродромот „Александар Велики" која согласно Одлуката на Владата на Република Македонија од октомври 2008 година преотстапена е на користење на неопределено време на Министерството за одбрана. Бетонската подлога била сметководствено евидентирана и на позиција Материјални средства во подготовка за износ од 7.194 илјади денари и на позицијата Градежни објекти за износ 8.030 илјади денари. Поради тоа во Билансот на состојба на позицијата Материјални средства во подготовка за 7.194 илјади денари прикажана е поголема почетна состојба. Ревизијата не беше во можност да утврди кој од овие два износа претставува реална набавна вредност на градежниот објект.

Со поделбата на Агенцијата наведените градежни објекти припаѓаат на давателот на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ).

**Препорака:**

Одговорното лице во Агенцијата да ги информира одговорните лица кај давателот на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ за овие неправилности со цел да се регулира сопственичкиот статус на градежните објекти, односно нивно запишување во Агенцијата за катастар на недвижности.

10.4.7. Со ревизијата на позицијата Материјални средства – Опрема констатирано е следното:

- На оваа позиција во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година искажана е состојба во вкупен износ од 392.842 илјади денари истата е за 32.668 илјади денари помала од констатираната состојба согласно електронската пописна листа на опремата. Од страна на вработените добиена е информација дека оваа разлика потекнува од минатите години, и не се познати причините поради која се јавува и заради тоа истата не е исправена.
- Дел од опремата набавена во 2008 година со вкупна набавна вредност од 4.775 илјади денари не е сметководствено евидентирана со задолжување на

позициите Опрема и Државен јавен капитал и за истата не е пресметана амортизација за 2008 година во вкупен износ од 426 илјади денари. Дел од оваа опрема во износ од 2.109 илјади денари без ддв, неосновано и неточно се евидентирани со задолжување на позициите Материјали и Останат капитал. Овие позиции се раздолжуваат кога опремата се дава во употреба што доведува до целосно губење на опремата од сметководствената евиденција. Наведеното предизвикува нереално и необјективно искажување на опремата во Билансот на состојба.

- Агенцијата располага со четири возила PEGUEOT 206 и две возила PEGUEOT 307, кои што во сметководствената евиденција се воведени секое поединечно со набавна вредност од 928 илјади денари. Според сметководствената документација набавната вредност на возилата PEGUEOT 206 била 918 илјади денари, а на PEGUEOT 307 1.316 илјади денари, поради што во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 на позицијата Опрема за 736 илјади денари помалку е искажан износот на набавната вредност, кое предизвикува погрешно пресметана амортизација.
- При пресметката на амортизацијата на возилата се применува стапка од 10%, спротивно на стапките кои се пропишани во Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници (автобуси и патнички автомобили 15% и џипови и комби возила 25%). Исто така, за возилата кои се набавени во 2008 година не се пресметува амортизација почнувајќи наредниот месец од кога средството почнало да се користи, поради што помалку е пресметана амортизација за 2008 година во вкупен износ од 1.245 илјади денари.
- Во електронската пописна листа на опремата има голем број на ставки - опрема со поединечна вредност од 1 или 2 денари. Оваа се должи на извршените пописи на крајот на годината, кога опремата што била расходувана или прогласена за кусок во минатите години била потврдена според локацијата и повторно сметководствено евидентирана. Треба да се истакне, дека дел од оваа опрема се уште има сегашна вредност, што влијае на реалното и објективно искажување на позицијата Опрема.
- Во 2006 година набавена е бекап метеоролошка станица Artais 2000, чии податоци би се користеле оперативно во случај на испад на Artais 2000. Оваа станица се состои од хардвер (42.100 УСД) и софтвер (59.000 УСД) или 4.913 илјади денари по среден курс на НБРМ на денот на набавката. Во сметководствената евиденција на Агенцијата хардверот на станицата е евидентиран на позициите Опрема (3.039 илјади денари), додека софтверот на позицијата Нематеријални средства (3.234 илјади денари), или вкупно 6.273 илјади денари, односно за вкупно 1.360 илјади денари е искажан поголем износ на овие две позиции и позицијата Државен јавен капитал.
- Со паричните средствата обезбедени со кредитот земен од ЕБРД во вкупен износ од 10.613 илјади евра, набавена е опрема за унапредување на цивилната воздушна пловидба. Агенцијата не поседува аналитична, детална и уредна документација за опремата набавена со овие средства, поради што ревизијата не се увери дека оваа опрема целосно е вклучена во пописните листи и на истата се пресметува амортизација.

Овие неправилности се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковен план за буџетските корисници.

Нецелосната и неточната сметководствена евиденција на опремата и неусогласената состојба со електронските пописни листи предизвикува нереално и необјективно искажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*
*Овластен државен ревизор*

**Препорака:**

Одговорното лице во Одделението за материјално – финансиско работење да преземе мерки за целосно и точно евидентирање на опремата и амортизацијата и усогласување на сметководствената вредност со состојбата утврдена со пописот.

10.4.8. Со увид во сметководствената документација е констатирано дека дел од фактурите кои се пристигнати во декември 2008 година и јануари 2009 година, во вкупен износ од 3.170 илјади денари, не се евидентирани во сметководствената евиденција за 2008 година, што е спротивно на начелата на ажурност и навременост на евидентирањето на сметководствените настани, пропишани во Законот за сметководство на буџети и буџетски корисници. Наведеното доведува до нереално и необјективно искажување на обврските на 31 декември 2008 година.

**Препорака:**

Одговорното лице да воспостави сметководствени принципи и начела кои ќе овозможат целосно, навремено и ажурно евидентирање на сите сметководствени трансакции во годината за која се однесуваат, како предуслов за реално и објективно изготвување на финансиските извештаи.

10.4.9. Според Законот за задолжување на Република Македонија кај ЕБРД по договорот за кредит за проектот за унапредување на цивилната воздушна пловидба од 2002 година Република Македонија, односно Агенцијата како краен корисник се задолжила со кредит во износ од 11.200. илјади евра. Овој кредит е наменет за набавка на опрема за навигација на целиот воздушен простор на Република Македонија и модернизација на пистата на Охридскиот аеродром. Рокот на отплата на кредитот е 12 години со грејс период од 3 години, при што Агенцијата има обврска да го врати истиот заклучно со 2014 година. До 2007 година Агенцијата искористила 95% од одобрениот кредит или 10.613 илјади евра.
На позицијата Примени долгорочни кредити и заеми во активата и Долгорочни кредити од странство за основни средства во пасивата во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година искажана е состојба во вкупен износ од 521.934 илјади денари и истата претставува пренесена состојба од 2006 година која се однесува на искористениот и вратен кредит од ЕБРД. При тоа, одговорните лица во Одделението за финансиско - материјални работи сметководствено не ги евидентирале искористените средства од кредитот во 2007 година, како и вратените средства во 2006, 2007 и 2008 година, поради што искажаната состојба на овие позиции во Билансот на состојба е за 94.863 илјади денари поголема. Исто така, во Билансот на состојба сметководствено не се евидентирани недоспеаните обврски на Агенцијата спрема ЕБРД во вкупен износ од 6.995 илјади евра или околу 428.094 илјади денари, поради што за истиот износ помалку се задолжени позициите Активни временски разграничувања и Обврски за кредити во странство. Овие неправилности се спротивни на одредбите од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијаат на нереално и необјективно прикажување на податоците во финансискиот извештај Биланс на состојба и претставува ризик од ненавремено измирување на доспеаните обврски.

**Препорака:**

Одговорното лице да го задолжи одговорниот сметководител да ги коригира констатираните неправилности, со цел да се добие точна и објективна состојба на кредитот.

10.4.10. Во октомври 2008 година Владата на Република Македонија има донесено Одлука за отпис на парични побарувања со која се отпишуваат побарувањата кои Агенцијата ги има кон Министерството за транспорт и врски во вкупен износ од 1.800 илјади евра и Електростопанство на Република Македонија во вкупен износ од 53.173 илјади денари. Побарувањата потекнуваат од 2000 и 2001 година и за истите не е спроведено усогласување согласно донесената одлука од Владата на Република Македонија, заради тоа што сметководствено не се евидентирани. Оваа неправилност укажува дека постои висок ризик од можност и други исплати на средства во минатите години да не се сметководствено евидентирани, што би имало влијание на реалното и објективно прикажување на податоците во Билансот на состојба.

**Препорака:**

Одговорното лице да го задолжи одговорниот сметководител да изврши исправки во сметководствената евиденција соодветно на констатираните наоди од страна на ревизорите.

10.4.11. Во Билансот на состојба на ден 31.12.2008 година позицијата Постојани средства е за 2.530 илјади денари помала од позицијата Државен јавен капитал. Во разговор со одговорните лица во Агенцијата добиена е информација дека разликата потекнува од минатите години, при што не се познати причините за појавување на истата. Оваа неусогласеност, е спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и укажува на нереално и необјективно прикажување на податоците во Билансот на состојбата.

**Препорака:**

Одговорното лице да го задолжи одговорниот сметководител да изврши усогласување на состојбите на сметките Постојани средства и Државен јавен капитал.

### 10.5. Наменско и законско трошење на средства

10.5.1. Со решение на директорот на Агенцијата од декември 2007 година и две решенија од 2008 година (јануари и декември), на претседателите и членовите на Комисијата за јавни набавки им е исплатен надоместок во вкупен износ од 389 илјади денари.
Со исплатата на надоместок на членовите на комисијата за јавни набавки дозволено е ненаменско користење на средства.

**Препорака:**

Одговорното лица во Агенцијата да преземе мерки за враќање на исплатените средства.

10.5.2. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и подзаконските акти од областа на јавните набавки и тоа:

- Не е спроведена постапка за јавна набавка во вкупен износ од 4.045 илјади денари во случаите: обуки во странство (2.277 илјади денари), сервисирање на возила (701 илјади денари), автобуски трансфер на вработени до аеродром Скопје и обратно (464 илјади денари), набавка на слушалки (385 илјади денари) и набавка на разни алати (218 илјади денари);
- Според пропишаните процедури од септември 2008 за начинот на спроведување на јавните набавки изготвени од одговорните лица во Агенцијата, набавката ја


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

спроведува Комисијата за јавните набавки и носителот на проектот - работната група. Ова укажува дека постои разграничување на должностите и одговорностите при спроведувањето на набавките. Работната група е задолжена доколку нема забелешки за начинот на спроведување на набавките над 500 евра да изготви записник. Меѓутоа во пракса претседателот на комисијата ги врши поголем дел од обврските поврзани со набавката, а записник за контрола на набавката не се изработува. На таков начин само претседателите на комисијата кои се избираат за секоја набавка посебно се одговорни и задолжени за законско спроведување на постапките за јавните набавки, а поради обемноста на работата постојат случаи каде досиеата не се комплетни;

- Агенцијата склучила договор со правен субјект за набавка на Voice loging systems за контролата на летање на аеродомот во Охрид, во кој е наведено дека добавувачот има обврска да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на работите (5% од договорената цена - 4.937 илјади денари без ддв). Во досието формирано за оваа набавка нема доставена банкарска гаранција поради што ревизијата не се увери дека добавувачот ја исполнил својата обврска. Недоставената банкарска гаранција претставува ризик да не се преземат правни дејства за надомест на средства во случај кога одредбите од договорот не се почитуваат;
- При набавката на две моторни возила Ford Transit Jumbo 430 E и Ford Transit во вкупен износ од 5.649 илјади денари спроведена е постапка за јавна набавка во која понуди доставиле две фирми. При плаќањето доставени се фактури од фирма која не учествувала во јавната набавка;
- Во 2007 година спроведена е постапка за јавна набавка на канцелариски материјали и склучен е договор со економскиот оператор во вкупен износ од 2.100 илјади денари со вклучено ддв, при што важноста на договорот е до целосно исполнување на вкупната вредност на предметот на набавката. Во 2008 година овој економски оператор поради блокирана сметка не бил во можност за 241 илјади денари целосно да ја исполни својата обврска, поради што до целосното исполнување на договорениот износ набавките се одвивале преку друга фирма без спроведена јавна набавка.

Непочитувањето на одредбите на Законот за јавни набавки има за последица примена на необјективни критериуми за избор на најповолен купувач, нетранспарентност и јавност на постапката при склучувањето на договорите и повластена положба на одредени добавувачи.

**Препорака:**

Одговорното лице на субјектот да изготви акт со кој ќе се дефинираат контролните постапки за правилно спроведување на одредбите од Законот за јавни набавки.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.4. е потценување на билансите позиции во Билансот на состојбата на ден 31.12.2008 година во вкупен износ од 424.770 илјади денари.

12. Според наше мислење, заради наодите наведени во точките 10.3. и 10.4. финансиските извештаи невистинито и необјективно ја искажуваат финансиската состојба на Агенцијата за 2008 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2008 година.

13. Според наше мислење, освен во точката 10.5. остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2008 година.

14. Во врска со преземените мерки по основ на препораките од претходната извршена ревизија констатирано е следното:

- Во делот на примена на акти донесени се План за работа за 2008 година и Одлука од Владата на Р.М. за одредување на работните места со посебна сложеност и тежина на работа;
- Во делот на примена на сметководствените политики и начела:
  - Делумно е воведена евиденција на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар, делумно е спроведена внатрешна сметководствена контрола за проверка на финансиските промени;
  - Нецелосно е спроведен пописот на средствата, побарувањата и обврските;
  - Целосно е спроведен сметководствениот принцип во искажување на приходите и расходите на готовинска основа;
  - Не е извршено усогласување на средствата и изворите, заради тоа што причините потекнуваат од минатите години.
- Во делот на искажување на приходите и расходите:
  - Патувањата во странство се поткрепени со претходно изготвени решенија од директорот;
  - Неприменливи се препораките кои се однесуваат за приходите по основ на закуп и расходите по основ на тековно одржување, заради статусните промени настанати во 2009 година;
  - Не е спроведена препораката која се однесува за изготвување на патни налози за користење на возилата;
  - Не се изготвени процедури за користење на средствата за репрезентација.
- Во делот на искажување на позициите од Билансот на сотојба:
  - Преземени се мерки за ненаплатените побарувања од МАТ АД Скопје;
  - Реално и објективно се искажани побарувањата од Палер Македонија, Авиоинпекс АД и ЕР Сервис;
  - Во тек се мерките што се преземаат за наплата на побарувањата од УСА АФ – Американски воздухопловни сили и од ЈПАУ Македонија;
  - Судската постапка со КГМ е во тек;
  - Спроведени се мерки за навремено и целосно евидентирање на постојаните средства и пријавување на дел од постојаните средства кои немаат примена во Агенцијата;
- Во делот на законско и наменско користење на средствата:
  - Целосно се применува Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство;
  - Делумно се спроведени препораките за јавни набавки и нецелосно е воспоставен систем на интерни контроли во следење на наменско користење на средствата.

**15. Обелоденување:**

15.1. Во јуни 2001 година Агенцијата (во тоа време Управа за цивилна воздушна пловидба) склучила договор за здружување на средства за инвестициона градба на деловен простор со една приватна фирма (организатор на изградба и здружување на средства). Целта на договорот била изградба на деловен простор за сопствени потреби во Административно - деловниот објект на бул.„Јане Сандански“ б. Б. во Скопје со нето површина од 1.524 m². Во 2002 година Агенцијата дополнително склучила уште два анекс договори кон основниот договор од 2001 година и уште еден договор за здружување средства за инфраструктурно обезбедување на деловниот простор. Агенцијата за овој објект исплатила средства во вкупен износ од 105.357 илјади денари.


*Ул:”Маршал Тито”бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

***Овластен државен ревизор***

__________________________

Во септември 2004 година Агенцијата склучила спогодба со приватната фирма со која претходно склучените договори се раскинуваат и истовремено Агенцијата се согласува, односно го отстапува правото на приватната фирма да најде заинтересиран купувач со кој ќе потпише купопродажен договор. Обврската на приватната фирма е по уплаќањето на паричните средства од новиот купувач на Агенцијата да и го врати уплатениот износ. Деловниот простор го купува Министерството за економија за износ од 129.055 илјади денари и заклучно со декември 2005 година целосно ги има измирено обврските кон приватната фирма. Фирмата иако ги добила парите од купопродажбата, целосно не ги вратила средствата на Агенцијата односно заклучно со 2005 година уплатени се 52.000 илјади денари, што е спротивно на склучената спогодба. Во јуни 2005 година со потпишување на изјава за компензација од тогашниот директор долгот од 53.357 илјади денари, без никаква причина неосновано се намалува за 24.684 илјади денари и изнесува 28.673 илјади денари. Со оваа компензација директорот односно Агенцијата прифаќа да ја плати пресметаната камата од страна на фирмата, без донесен правосилен акт од надлежен суд, што е спротивно на одредбите од склучената спогодба. Треба да се истакне дека од страна Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје во ноември 2006 година добиено е мислење според кое Агенцијата не и должи на фирмата износ од 24.684 илјади денари по основ на задоцнето плаќање на времените ситуации. Во ноември 2006 година Агенцијата започнува судски спор со фирмата за наплата на своето побарување во вкупен износ од 53.357 илјади денари, кој до периодот на завршување на ревизијата се уште нема судска разрешница.

Ревизијата оцени дека овој случај треба да го обелодени бидејќи, почнувајќи од 2001 година па се до денес Агенцијата овозможила незаконско користење на средства од страна на приватна фирма и остварување имотна корист од нејзина страна, а на терет на буџетските средства. Оваа состојба дополнително е влошена и со бавните судски постапки.

15.2. Според член 22 од измените на Законот за воздухопловство од 12.02 2008 година сите приходи по основ на давање на услуги во воздухопловна навигација треба да се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија на сметката на Агенцијата 787 – приходи од самофинансирачки активности. При тоа финансирањето на давателот на услуги во воздухопловна навигација (М-НАВ) се врши од Буџетот на Агенцијата, како трансфер на средства на сметка отворена во деловната банка за таа цел.
До 07.03.2008 година надоместокот за АТС услуги е наплатен од Агенцијата, а потоа со отстапување на користењето на пистите од Агенцијата на ЈПАУ, истиот е наплатен од ЈПАУ. Надоместокот за лендинг и осветлување останало да се наплатува од Агенцијата до крајот на 2008 година, односно до статусната промена во јули 2009 година.
Според Одлуката за определување на висина на надоместокот за лендинг и АТС услуги донесена од Владата на Република Македонија од мај 1996 година, овие приходи претставуваат приходи на Буџетот на Република Македонија, што е спротивно на одредбите од Законот за воздухопловство.
Агенцијата со писмо од 20.12.2007 година се обратила до Министерство за финансии со цел да се измени законското решение изнесено во измената на Законот за воздухопловство со предлог - средствата од надоместоците за услугите во воздухопловна навигација да се уплатуваат на девизна сметка во деловната банка на давателот на услугата (провајдерот), односно Euocontrol да врши распределба на надоместокот на Агенцијата и директно на давателот на услугите на пооделни сметки.
Одговорот на министерот за финансии е дека членка на Euocontrol е Република Македонија, а не провајдерот, па според тоа треба да остане измената на законот во член 22, со што Република Македонија преку државен орган - Агенцијата треба да има увид во работењето на операторот за остварени прелети над македонскиот воздушен простор, како и можност да се влијае на исплата на обврски кои произлегуваат од договорите со одредени меѓународни институции на кои потписник е Република Македонија.

15.3. Управата за јавни приходи извршила контрола на ДДВ за период 01.04.2000 година до 31.12.2008 година, при што констатирала дека Агенцијата за цивилно воздухопловство, не е даночен обврзник согласно член 10 од Законот за ДДВ и според тоа истата немала право на поврат на ДДВ во износ од 369.996 илјади денари. За констатираната состојба УЈП има донесено и првостепено решение со кое се наложува враќање на повратениот ДДВ во наведен износ. Агенцијата го обжалила решението на Управата за јавни приходи до Министерството за финансии, при што истото донело решение со кое жалбата на Агенцијата е уважена, решението е поништено и предметот е вратен на повторна постапка, во која е потребно првостепениот орган да постапи по укажувањата односно првостепениот орган да оцени за кои дејности жалителот е даночен обврзник согласно член 10 став 2 од Законот за ДДВ со и без право на одбивка, правилно да утврди за кој Конечен данок жалителот ги исполнува условите за одбивка согласно член 33 и 34 од Законот за ДДВ.
До денот на ревизијата ревизорите не добија информација што е преземено од првостепениот даночен орган по донесеното второстепено решение.
Ревизијата оценува дека доколку дојде до повраќај на повратениот ДДВ во наведениот период изнесената состојба може да ја наруши финансиската стабилност и конкурентската способност на Агенцијата, која од 01.07.2009 година е реорганизирана при што Агенцијата и понатаму останува државен орган а навигациската функција е издвоена во посебен субјект Акционерско друштво во државна сопственост.

Скопје, 08/02/2010 година | Овластен државен ревизор

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,235,989 | 1,269,251 |
| **Вкупно приходи** | **1,235,989** | **1,269,251** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 400,451 | 294,811 |
| Стоки и услуги | 220,902 | 278,801 |
| Каматни плаќања | 27,870 | 26,003 |
| Субвенции и трансфери | 37 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **649,260** | **599,615** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 22,104 | 13,144 |
| **Вкупно капитални расходи** | **22,104** | **13,144** |
| **Отплата на главнина** | **71,681** | **73,831** |
| **Вкупно расходи** | **743,045** | **686,590** |
| **Остварен вишок на приходи** | **492,944** | **582,661** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Парични средства и побарувања** | | |
| Парични средства | 517,888 | 550,196 |
| Побарувања | 450,060 | 264,093 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 657 | 649 |
| Побарувања од вработените | 303 | 284 |
| Побарувања од државата и други институции | 16,488 | 21,073 |
| Активни временски разграничувања | 120,367 | 194,944 |
| Материјали | 9,366 | 11,940 |
| Аванси за капитални средства | 541 | 541 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,115,670** | **1,043,720** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 21,090 | 14,093 |
| Материјални добра и природни богатства | 1,346 | 1,346 |
| Материјални средства | 588,367 | 3,290,936 |
| Материјални средства во подготовка | 0 | 119,249 |
| **Вкупно постојани средства** | **610,803** | **3,425,624** |
| **Непокриени расходи и други долгорочни кредити и заеми** | 521,934 | 521,934 |
| **Вкупна актива** | **2,248,407** | **4,991,278** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 2,139 | 2,127 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 44,660 |
| Обврски спрема државата и други институции | 75 | 0 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 1,641 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 40,314 | 33,370 |
| Пасивни временски разграничувања | 1,060,705 | 946,911 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,103,233** | **1,028,709** |
| **Долгорочни обврски** | | |
| Кредити од странство | 521,934 | 521,934 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **521,934** | **521,934** |

| | | |
|---|---|---|
| **Извори на деловни средства** | | |
| Државен јавен капитал и останат капитал | 623,240 | 3,440,635 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **623,240** | **3,440,635** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **2,248,407** | **4,991,278** |

## ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **3,428,695** | **11,940** | **3,440,635** |
| **Зголемување по основ на:** | **17,879** | **10,533** | **28,412** |
| Набавки во текот на годината | 17,879 | 10,533 | **28,412** |
| **Намалување по основ на:** | **(2,832,700)** | **(13,107)** | **(2,845,807)** |
| Расход на опрема | (930) | - | **(930)** |
| Амортизација на расход на опрема | 316 | - | **316** |
| Преотстапени постојани средства | (3,091,638) | - | **(3,091,638)** |
| Амортизација на преотстапени постојани средства | 373,437 | - | **373,437** |
| Амортизација | (113,885) | - | **(113,885)** |
| Дадена залиха во употреба | - | (13,107) | **(13,107)** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **613,874** | **9,366** | **623,240** |